УДК: 373(497.1: 495.624):341.81(=163.41)"1898-1900"(047)

Силвана Сидоровска-Чуповска
Институт за национална историја, Скопје
s.sidorovska@yahoo.com

# СРПСКОТО УЧИЛИШТЕ ВО СЕРЕС (1898-1900) (ОД ИЗВЕШТАИТЕ НА СРПСКИТЕ ВИЦЕКОНЗУЛИ БРАНИСЛАВ НУШИЌ И СИМА Ј. АВРАМОВИЌ)

*Апстракт.* – Прв заменик – конзул на Кралството Србија во Серес бил именуван Бранислав Нушиќ. Тој се обратил до турските власти барајќи од нив да отворат училиште во ноември 1897 година, но дозволата ја добил дури во август 1898 година. Нушиќ отворил српско училиште еден месец подоцна. Училиштето во Серес немало шанси да успее. По отворањето на српското училиште во Серес, српскиот конзул станал центар на омраза особено кон грчкиот конзул и митрополит. Наследникот на Нушиќ во Серес Сима Ј. Аврамовиќ ја презел должноста на 4 август 1899 година, кога Нушиќ заминал за Солун. На 17 февруари 1900 година, владата на Кралството Србија се согласила да го затвори Конзулатот во Серес. Српските училишта набргу потоа биле затворени.

*Клучни зборови.* – Серес, вицеконзул, Бранислав Нушиќ, српско училиште, Сима Ј. Аврамовиќ, Солун.

На почетокот од XIX век во османлиската административна поделба градот Серес се споменува како центар на Серската област. Од првата половина на XIX век, Серската област започнува да фигурира како посебна административна единица Серски санџак во составот на Солунскиот вилает. Ова е период кога во Серес се одржувал познатиот Серски панаѓур, и на кој доаѓале трговци не само од Македонија, Тракија и Бугарија, но и од Австрија, Франција и Англија.[1] Како важен административен центар во овој дел од Македонија, градот се издигал до гра-

[1] Катарџиев 1961, 88-89.

дењето на железничката линија Солун–Цариград, кога со напливот на евтини индустриски стоки од Европа започнал економски да опаѓа.

На црковно-просветен план доминирала грчката пропаганда, во чие ширење главната улога ја имале грчките владици. Грчките училишта, каде наставата се водела на грчки јазик, долго време биле единствените просветни центри во градот. Главни финансиери на овие просветни центри биле грчките цркви.[2] Од 1871 година во ширењето на пропагандата улога имал и отворениот силогос, наречен „главна хетерија“.[3] Силогосот во Серес отворил и издржувал учителска школа, интернат и печатница, и со грчко образование ја покривал источна Македонија.[4] До крајот на XIX век, грчката просветна пропаганда имала голем успех меѓу населението во Серес, успевајќи да навлезе и во маалата Горна и Долна Каменица и Арабаџи маало, во кои македонското население дотогаш успешно се спротиставувало на нејзините притисоци.[5] Во градот во овој период егзистирале пет грчки основни училишта и две гимназии (машка и женска).[6]

Втора поголема пропаганда била бугарската просветна пропаганда, која првите посериозни обиди за навлегување во градот Серес ги направила две години по основањето на Егзархијата во 1872 година, кога во маалото Горна Каменица било отворено првото егзархиско училиште. Подоцна, во 1875 година, во маалото Долна Каменица бил отворен параклис каде почнало да се служи на црковно-словенски јазик.[7] Во 1886 година било изградено ново училиште со пансион. Училиштето набргу било затворено, но повторно било отворено следната година. До средината на 90-те години за приврзаници на Егзархијата се декларирале триесетина куќи во градот. Останатите жители до крајот на векот ја признавале Патријаршијата, а најголемиот од нив со своите активности се пројавувале како „фанатизирани Грци“.[8]

Од почетокот на 90-те години на XIX век и владата на Кралството Србија започнала да подготвува мерки во водењето на просветната пропаганда во Македонија. Тежината на водењето на пропагандата на почетокот била насочена кон централна и северна Македонија, со центри во

[2] Кънчов 2000, 204.
[3] Сидоровска-Чуповска 2009, 112.
[4] Битоски 1979, 265.
[5] Катарџиев 1961, 55.
[6] Кънчов 2000, 212.
[7] Катарџиев 1961, 174.
[8] Кънчов 2000, 211.

Скопје и Битола,[9] каде што се предвидувало, покрај другото, како зајакнување на пропагандата да се користат и економските средства, односно отварањето на дуќани и мали претпријатија од трговци со потекло од Кралството Србија и трговски агентства. Конзулатот во Солун[10], каде влегувал и Серскиот санџак, сѐ уште се сметал за периферен и помалку важен за навлегување на српската пропаганда. Меѓутоа, ова не значело дека српската пропаганда не бирала начини и средства да отвори свои институции и во Солунскиот вилает, дотолку повеќе што отворањето на српски училишта и овде било од големо политичко значење за Кралството.[11]

Конкретен интерес за Серскиот санџак српската пропаганда започнала да пројавува во текот на 1896 година, кога писарот на српскиот генерален конзул Иван Иваниќ[12] во својата обиколка на источниот дел од Солунскиот вилает, го посетил и овој дел од Македонија и предложил да се отвори конзулат во Серес. Предлогот бил прифатен и реализиран во текот на 1897 година кога бил отворен конзулат со Бранислав Нушиќ[13] како вицеконзул. Конзулатот на почетокот требало да послужи како опсервациона точка од каде ќе се набљудувала работата и движењето на бугарската и грчката пропаганда, и место како што истакнал претседателот на српската влада „ќе се проучувале само условите под кои би мо-

---

9 Српскиот конзулат во Скопје бил отворен во 1887 година, а две години подоцна во 1889 година и во Битола.

10 Конзулатот во Солун со работа започнал во 1887 година.

11 Првото српско училиште во Солун било отворено во 1892 година. За неговото отворање на српската пропаганда во прилог и одел и донесениот Закон за јавни училишта во границите на Османлиската Империја.

12 Иван Иваниќ (1867–?), писар во српскиот конзулат во Солун и вицеконзул во Битола (1899). По 1913 година работел како уредник на повеќе весници во кои презентирал материјали и податоци од минатото на Македонија.

13 Бранислав Нушиќ (1864–1938), драмски писател, комедиограф, сатиричар и критичар, еден период од дванаесет години, бил вклучен активно и во дипломатската служба на Кралството Србија. Бил ангажиран на било местото писар во генералниот конзулат во Скопје и Битола. Во 1897 година започнал да работи во генералниот конзулат во Солун, од каде што бил преместен на местото вицеконзул во Серес. По напуштањето на Серес, во август во 1899 година, ја вршел должноста претставник на генералниот конзул во Солун. Бил и секретар во Министерството за просвета на Кралството Србија. Во 1912 година се вратил во Битола, каде што, во периодот 1912–1913 година, е околиски началник. Учествувал во формирањето на Народниот театар во Битола. Во 1913 година го основал театарот во Скопје. По завршувањето на Првата светска војна работел во Министерството за просвета. Познати негови драмски дела се комедиите: „Госпоѓа министерка“, „Народен пратеник“, „Сомнително лице“ и други.

желе и во таа област да започнат со работа со сигурни изгледи за успех“.[14] Односно, за српската пропаганда да се отпуштаат средства, и да биде концентрирана во места каде нејзиниот успех ќе бил сигурен.

Во периодот кога бил отворен српскиот конзулат во Серес, градот се наоѓал во процес на економско опаѓање. Ова го забележал и Бранислав Нушиќ во својот извештај од 30 септември 1897 година, испратен до министерот за надворешни работи Ѓорѓе Симиќ:[15] „(...) Железничката врска на Солун со Европа, му го одзеде на Серес, како и многу други градови во Турција, некогашното старо значење што овој трговски град го имаше. Трговијата е сведена на пазар со околината и увоз од непосредната околина на Серес. Големите капитали се раселија и Серес изгуби сѐ што имаше... Има една година како Серес уште повеќе опаѓа, поголемите претпријатија застанаа, поголемите продавници се затворија, а сиромаштијата и скапотијата заедно ја следат ваквата појава“.[16] Ваквите негативни појави од страна на конзулатот не можеле да се остават надвор од „замислената“ акција. Персоналот на конзулатот наспроти големото влијание што на просветен план го имале грчката и бугарската пропаганда, започнал со реализирање на плановите за отворање на првото српско училиште во градот.

На 10 ноември 1897 година вицеконзулот Б. Нушиќ го известил српскиот претставик во Цариград Стојан Новаковиќ[17] за молбата со потписи од 100 угледни граѓани за отворање на првото српското училиште во Серес.[18] Молбата му била предадена на мутесарифот[19] и се чекал одго-

[14] Катарџиев, 1961, 88.

[15] Ѓорѓе Симиќ (1843–1921), конзул во Софија и дипломатски претставник во Санкт Петербург, Виена, Рим и Цариград. Во 1897 година ја обавувал функцијата претседател на Министерскиот совет и министер за надворешни работи на Кралството Србија.

[16] Архив на Србија, Белгард. Министарство иностраних дела (Политичко-просветно одељење [1890-1914]), Извештај, Пов.№10, Серес, 30 септември 1897 од вицеконзулот Бранислав Нушиќ до министерот за надворешни работи Ѓорѓе Симиќ. Оргинал: Фасцикла VI, И/29, Пов.бр. 2882. (Понатаму: АС, МИД, ППО).

[17] Стојан Новаковиќ (1842–1915), универзитетски професор, научник и политичар. Бил вршител на функцијата министер за просвета, правда и за внатрешни работи и претседател на српската влада. Повремено бил и дипломатски претставник на Кралството Србија во Цариград (1886 – 1891 и 1897), во Париз (1899 – 1902) и во Санкт Петербург (1902 – 1905).

[18] АС, МИД, ППО, Ф I, ПП 81/1897, Извештај, ПП № 68, Серес, 10 ноември 1897 година од вицеконзулот Бранислав Нушиќ до српскиот претставник во Цариград Стојан Новаковиќ.

ворот од градскиот меџлис.[20] За одговорот не се чекало долго. Следниот ден, во писмото адресирано од Нушиќ до новиот министер за надворешни работи Владан Ѓорѓевиќ[21] и дипломатскиот претставник С. Новаковиќ, пишува за донесеното поволно решение од меџлисот. Молбата била испратена во Солун и се чекало на конечната одлука од валијата.[22] За преземените чекори бил известен и српскиот конзул Димитар Боди во Битола, со молба внимателно да ги следи случувањата и навремено да го предупреди конзулатот во Серес, доколку валијата негативно се поставил во врска со молбата.[23]

На молбата од српскиот конзулат за отворање училиште во Серес веднаш реагирале и најзасегнатите, грчката и бугарската пропаганда. Во обидот да се спречи позитивното решение од поднесената молба со вонредна активност особено се пројавил грчкиот конзул во градот. Ова било и сосема очекувано од Грците кои ја имале целосната црковна и просветна доминација во Серес, да се почуствуваат загрозени од отворањето на српското училиште. И додека привrзаниците на егзархиската црковно-училишна општина имале само два обиди да го придобијат првопотпишаниот во молбата, Грците биле многу поупорни во преземањето конкретни чекори. Тие најпрвин започнале да агитираат помеѓу сите потписници на молбата да се откажат од потписите, за потоа да бараат познати лица кои ќе имале влијание кај мутесарифот и валијата во Солун. Последниот чекор на што се надевале на успех било да соберат потписи со кои ќе се потврдело дека „во Серес се немало потреба од отворање на српско училиште“.[24] Планираната акција била набргу осуетена од Б. Нушиќ, кој користејќи го доброто пријателство со мутесарифот

[19] Мутесариф – цивилен управител на санџак со ранг на паша.

[20] Меџлис – локален орган на муслиманската управа.

[21] Владан Ѓорѓевиќ (1844 – 1930), лекар, писател, политичар и претседател на Владата на Кралството Србија. Политичката кариера ја започнал во 1880 година. Во 1891 година бил дипломатски претставник во Атина. Од 1894 година бил дипломатски претставник во Цариград, каде што успел да добие дозволи за поставување српски владици во Македонија. Од 1897 до 1900 година бил претседател на Владата и министер за надворешни работи. Починал во Баден, Австрија, во 1930 година.

[22] АС, МИД, ППО, Ф I, ПП 81/1897, Извештај, ПП № 69, Серес, 11 ноември 1897 година од вицеконзулот Бранислав Нушиќ до министерот за надворешни работи Владан Ѓорѓевиќ и српскиот претставник во Цариград Стојан Новаковиќ.

[23] Ibid. Писмо, ПП № 70, Серес, 11 ноември 1897 година од вицеконзулот Бранислав Нушиќ до конзулот во Битола Димитар Боди.

[24] Ibid. Извештај, ПП № 81, Серес, 2 декември 1897 година од вицеконзулот Бранислав Нушиќ до министерот за надворешни работи Владан Ѓорѓевиќ.

успеал да го наговори подготвената молба (м. заб.: во молбата фигурирале потписи од триесетина потписници) од Грците да остане во архивата на градската управа. Упорноста од страна на Грците одела дотаму што започнале да собираат повторно потписи за нова молба, а црквата во едно од маалата во Серес од каде имало и најмногу потписници во српската молба била посетена и од грчки архимандрит. Во говорот на архимандритот, и покрај тоа што ги немал споменато Србите, било сосема јасно дека острите зборови биле против нив. По службата архимандритот започнал да оди по куќите и да собира потписи. На помош бил повикан и грчкиот митрополит кој во моментот бил отсутен и се наоѓал на Света Гора.[25]

Во меѓувреме, од валијата Риза-паша во Солун до меџлисот била вратена и молбата од српскиот конзулат со конкретно прашање „дали има Срби во Серес"? Ова го тревожело Б. Нушиќ кој во својот извештај до министерот за надворешни работи В. Ѓорѓевиќ му пишувал дека на овој начин се барало причина за „одолговлекување на српските молби, бидејќи во последната наредба од Цариград на османлиските власти во Македонија категорично им било кажано повеќе да не се занимаваат со тоа прашање, туку да гледаат дали молбите ги исполнуваат законските барања". За Нушиќ било доволно овој обид од страна на валијата Риза-паша да пропадне, и најпосле да се реши молбата за отворање на српското училиште во Серес.[26]

Со почетокот на 1898 година, во извештаите адресирани од Б. Нушиќ до министерот за надворешни работи В. Ѓорѓевиќ се дознава дека работите на планот на отворањето на српското училиште во Серес сѐ уште биле на почетокот. Привржаниците на грчката пропаганда испратиле молба, сега директно упатена до валијата во Солун, со децидно барање потписниците во српската молба да изјават дека „биле измамени од Србите кои ги собирале потписите со барањето за отворање на занаетчиско, а не српско училиште, и дека во меѓувреме се откажале од истите".[27] За тоа време, грчки свештеници шетале по маалата во Серес да собираат потписи за молбата, со чија содржина граѓаните не биле доволно запознаени. Молбата со 47-те потписи била доставена до мутесарифот, кој веднаш ја испратил до валијата во Солун. И како што пишува-

[25] Ibid.

[26] Ibid.

[27] АС, МИД, ППО, ПП 1898, ПП№ 530. Извештај, ПП № 19, Серес, 23 февруари 1898 година од вицеконзулот Бранислав Нушиќ до министерот за надворешни работи Владан Ѓорѓевиќ и српскиот претставник во Цариград Стојан Новаковиќ.

ло во извештајот: „Валијата веднаш нашол причина да ја врати српската молба по вторпат, молејќи го притоа мутесарифот да ја испита целата ситуација со двете молби, односно, дали потписниците во грчката молба ги имало и во спорната српска молба“.[28]

Вицеконзулот Б. Нушиќ бил повикан во седиштето на мутесарифот за споредување на потписите од двете молби, каде биле пронајдени потписи од две исти лица кои фигурирале во грчката и српската молба. Набргу овие лица биле повикани од мутесарифот, пред кого повиканите имале оправдување за измама „од свештениците од грчката митрополија“.[29] Ваквиот развој на настаните оделе во прилог на позитивно решение на поднесената молба за отворање српското училиште во Серес, на што искрено се надевал и српскиот вицеконзул, и за кого отворањето на училиштето во тој пресуден момент зависело „од работата на српскиот конзулат во Солун и добивање на конечната позитивна одлука од валијата“.[30]

Кон средината на 1898 година меџлисот во Солун го донел посакуваното решение за отворање на првото српско училиште во Серес. Меѓутоа, за ваквата одлука да биде конечна требало да биде издадено и русхат-наме.[31] И додека се очекувала дозволата и се барала куќа каде истото ќе започне со работа, грчкиот конзулат и митрополијата во Серес продолжувале со „акциите“ за попречување на неговото отворање.[32] Како што пишувал во еден од своите извешти Б. Нушиќ, грчкиот конзул Стурнара се користел со „детинеста и пакосна пропаганда против српскиот конзулат“. Тој одел дури и дотаму да му забрани и на грчкиот доктор да ја посетува неговата куќа. За да биде појасно ваквото држење на грчкиот конзул, во извештајот потенцирал дека тоа бил истиот конзул од Скопје, по чија наредба бил исфрлен црковно-словенскиот јазик од црквата „Св. Спас“ (м. заб.: се мисли на настанот од 1890 година, кога од црквата бил протеран свештеникот Јован Буковиќ).[33]

Свесен за грчката доминација во Серес која дејствувала како „непробојна, концентрирана и организирана маса“, Б. Нушиќ бил подготвен

---

[28] Ibid.

[29] Ibid.

[30] Ibid.

[31] Русхат-наме – училишна дозвола.

[32] АС, МИД, ППО, ПП 1898, ПП№ 1653, Извештај, ПП№ 71, Серес, 1 јуни 1898 година од вицеконзулот Бранислав Нушиќ до министерот за надворешни работи Владан Ѓорѓевиќ.

[33] Ibid.

и на извесни отстапки: а) во Серес немало да се бара посебна црква во кои ќе се пеело на црковно-словенски; б) во српското училиште како странски јазик ќе се предавало и на грчки јазик; в) во српското училиште да не се примале деца кои веќе ги посетувале грчките училишта и г) српскиот конзулат не бил заинтересиран за придобивање на ниту едно патријаршиско село.[34]

Ваквите отстапки немале никакво влијание кај грчкиот конзул кој почнал и лично да агитира против Б. Нушиќ, најмногу погоден од тоа што последниов го познавал грчкиот јазик и имал можност да комуницира и со приврзаници на Патријаршијата, и затоа што во тој период (м. заб.: во време на грчко-турската војна од 1897 година) српскиот вицеконзул умешно го искористил отсуството на грчкиот конзул и митрополитот да воспостави контакти и да привлече повеќе граѓани. За тоа време, грчката митрополија во Серес се обратила и до Патријаршијата во Цариград, со молба да интревенира кај високите османлиски великодостојници да не се дозволи отворање на српско училиште во градот.[35] Од друга страна, и валијата во Солун го одолговлекувал давањето на дозволата за конечното отворање на српското училиште во Серес. На лицето кое од српскиот конзулат било испратено да ја подигне дозволата му било речено дека „работата била завршена, и да има трпение, бидејќи во уќуматот[36] имало и поважни прашања“.[37] Оттаму, и молбата на Нушиќ до пратеникот во Цариград С. Новаковиќ да преземе конкретни чекори кај Портата, за валијата и неговите службеници да постапат по наредбите од највисоките кругови.[38]

На 7 август 1898 година конечно била добиена дозволата за отворање на српското училиште во Серес. За настанот, вицеконзулот Б. Нушиќ со телеграма го известил министерот за надворешни работи В. Ѓорѓевиќ: „Синоќа го добив русхат-намето за отворање на училиште во Серес. Училиштето ќе го отворам на 1 септември. Честитки за освојувањето на една од најтешките позиции“.[39] Истиот ден вицеконзулот Нушиќ испратил писмо во кое на министерот го опишувал значењето на добиена-

---

[34] Ibid.

[35] Ibid.

[36] Уќумат – суд, судница.

[37] АС, МИД, ППО, ПП 1898, ПП№ 116, ПП№ 16, Серес, 10 јули 1898 година од вицеконзулот Бранислав Нушиќ до српскиот пратеник во Цариград Стојан Новаковиќ.

[38] Ibid.

[39] Ibid., ПП№ 2303, [Телеграма], Серес, 7 август 1898 година од вицеконзулот Бранислав Нушиќ до министерот за надворешни работо Владан Ѓорѓевиќ.

та дозвола за отворање училиште: (...)„Обидите на Грците кои на моменти добиваа облик на фанатична борба беше вистинска крстоносна војна со означена цел „ние нехристијаните“ да бидеме протерани од „светите места“, или подобро од „Македонската Атина“, како еден бугарски писател го нарекува Серес. За нив во оваа борба не беа туѓи ниту лагите и клеветите, ниту заканите и поткупите. Најпосле се послужија со своето старо и познато оружје – анатемата, која меѓу народот отворено ја проповедаа, а кон мене и моето семејство ја изговорија на тој начин што ја направија својата црква непристапна... но, сметам дека борбата сѐ уште не е завршена“. Б. Нушиќ бил свесен дека се наоѓал на половина пат од борбата, или како што напишал во писмото „првата половина луда, а втората тешка“.[40]

Во рацете на Грците биле сите средства што ги имале на располагање во оневозможување на понатамошна егзистенција на училиштето: да не се пронајде куќа за училиштето; да не се дозволи осветување на училиштето за да покажат дека училиштето верски не припаѓало на Патријаршијата; притисоци кај родителите да не ги испраќаат децата; забрана на свештениците да одат во куќите чии деца го посетувале во српското училиште и друго.[41]

За српското училиште била пронајдена куќа чиј сопственик бил Евреин. Договорот за користење на куќата бил на три година со годишна кирија од 690 динари. За разлика од грчките училишта каде постоело плаќање на училишна такса, за српското училиште во обид да да се привлечат повеќе деца ваквата такса не била планирана. Ова било причина грчкиот митрополит да издаде наредба до сите цркви во Серес да го објават уписот за грчките училишта неколку недели порано.[42]

Свеченото отворање на српското училиште во Серес било планирано за 13 септември 1898 година. На свеченоста биле повикани сите конзули, мутесарифот, грчкиот митрополит и угледни Турци во градот. Во поканите, како што нагласил Нушиќ во еден од своите извештаи, било планирано и одржување на молитва во здравје на неговото Величество Султанот. На митрополитот, кој ја користел секоја прилика да го искаже своето незадоволство од отворањето на српското училиште, најден

---

[40] Ibid. ПП№ 134, Писмо, Серес, 7 август 1898 година од вицеконзулот Бранислав Нушиќ до министерот за надворешни работи Владан Ѓорѓевиќ.

[41] Ibid.

[42] Ibid. ПП№ 2418, Извештај, ПП№ 141, Писмо, Серес, 16 август 1898 година од вицеконзулот Бранислав Нушиќ до министерот за надворешни работо Владан Ѓорѓевиќ.

во небрано, не ќе му преостанало ништо друго освен „да испрати свештеник“ за читање на молитвата.[43]

И додека траеле подготовките за отворање на училиштето од грчки свештеници се агитирало меѓу населението да не ги запишуваат своите деца. Родителите чии деца биле запишани во српското училиште ги прогласувале за еретици, протестанти и иноверни и анатемисани со исклучување од црквата. На болните не им давале лекови, ги бркале од болницата (м. заб.: во единствената во градот која работеле грчки лекари), а сиромашните ги бркале од црквите. Се случиле и два развода, бидејќи татковците сакале децата да одат во српското училиште, а мајките заплашувани од митрополитот и свештениците не се согласувале.[44]

Уште пред отворањето во српското училиште бројот на учениците достигнал до 34. Нивниот број последните три недели постојано се менувал, час се зголемувал, а имало и моменти кога имало и мал број на запишани ученици. И како што пишувал Б. Нушиќ „се трчало по куќите, дуќаните, кафеаните и улиците“. Во агитацијата биле вклучени митрополитот и сите органи на митрополијата, потоа, уште 50 свештеници, 48 епитропи, дваесетина грчки професори, учители и учителки. Тој фанатизам ги зафатил и останатите граѓани во градот трговци и занаетчии, адвокати и доктори, жените и децата, кои се кренале во голема крстоносна војна против српското училиште.[45] Како што заклучил во извештајот: „ (...) За десет години од мојата работа во Македонија, јас не сум сретнал ваква појава, која многу ми наликува на нашите изборни денови. Како што секој муслиман смета дека стекнал место во рајот (џенет), ако вовел еден христијанин во исламот, така и овде секој смета дека ќе има место меѓу „големите Грци“ ако успее барем едно дете да извлече од српското училиште“.[46] Десет дена пред отворањето на училиштето во Серес, како резултат од силното агитирање, бројот на учениците се намалил на само пет деца. Српскиот конзулат на преземените акции не останал пасивен. Додека под притисок биле извлекувани едни, од конзулатот биле запишувани други ученици, успевајќи на тој начин бројот да го доведе

[43] Ibid. ПП№ 2470, Извештај, ПП№ 146, Извештај, Писмо, Серес, 19 август 1898 година од вицеконзулот Бранислав Нушиќ до министерот за надворешни работи Владан Ѓорѓевиќ.

[44] АС, МИД, ППО, ПП 1898, ред 647, III/19, П.П. № 2962, Извештај, ПП№ 195, Серес, 20 септември 1898 година од вицеконзулот Бранислав Нушиќ до министерот за надворешни работи Владан Ѓорѓевиќ.

[45] Ibidem.

[46] Ibid.

на 17 ученици, не сметајќи ги и осумте еврејски деца. Со тој број на ученици било отворено и училиштето.[47]

И по отворањето на српското училиште, грчката агитација не мирувала. Б. Нушиќ во извештајот до министерот за надворешни работи В. Ѓорѓевиќ пишувал: „Се агитирало, ветувало, зборувало, викало, имало пцости против Србија, српските училишта, против мене, а нетрпеливоста отиде до таква крајност, што еден неранимајко застана пред конзулатот и кога ме здогледа, започна да ме навредува, па морав лично да му удрам шлаканица, додека не пристигнаа гавазите“.[48]

Најпосле, кога кон грчката агитација се придружиле и приврзаниците на бугарската пропаганда, било причина бројот на ученици во српското училиште драстично да опадне на само три ученика. Во тие пресудни моменти, Нушиќ ја донел конечната одлука, во училиштето да се дава бесплатен ручек за учениците и бројот на децата од 15 септември започнал да се зголемува.[49] Овој привремен успех не го поколебал српскиот вицеконзул да верува дека Грците ќе дејствуваат уште посилно, признавајќи и самиот дека веќе „се чувствувал уморен во оваа борба која не барала само енергија, одважност и исправност, но и нерви“.[50]

За водењето на српската просветна пропаганда во Серес биле потребни и поголеми финансиски средства. Давањето на бесплатен ручек во училиштето било причина за зголемување на бројот на ученици од 20 на 50 ученици, но и поголем буџет за неговото издржување. Од конзулатот била побарана сума од 2400 динари годишно, сума потребна за исплата на готвачот, како и за кујната и трпезаријата која веќе била поставена.[51]

Српското училиште првите три месеци по започнување на неговата работа работело без никакави финансиски средства. Во ноември 1898 година, за да ја исплати киријата, Нушиќ бил принуден да се задолжи. Со негова интервенција до Министерство за надворешни работи следниот месец била издадена наредба: (...)„На кралскиот конзулат во Серес од Кредитот за достојно застапување на државните интереси во

[47] Ibid.

[48] Ibid.

[49] Ibid.

[50] Ibid.

[51] АС, МИД, ППО, ПП 1898, Ф. II, ПП, 207/1898, Извештај, ПП№ 199, Серес, 30 септември 1898 година од вицеконзулот Бранислав Нушиќ до министерот за надворешни работи Владан Ѓорѓевиќ.

странство, за кирија за школската зграда за месеците септември, октомври, ноември и декември, да му бидат исплатени 230 динари во злато".[52]

Во наредните месеци исплаќањето на потребните средства од Министерството за надворешни работи на Кралството Србија за водење на просветната пропаганда во овој дел од Македонија се помалку бил интересен за финансирање. На вицеконзулот Б. Нушиќ не му преостанувало ништо друго, освен постојано да испраќа дописи до Министерството за надворешни работи со барање за нови средства кои биле потребни за нормално фукционирање на пропагандата. Во мај 1899 година училишната година завршувала, а остатокот од средствата (м.заб.: 460 динари), кои требале да се исплатат за издршка на училиштето сеуште не биле пристигнати.[53] Сепак, на крајот од месецот биле одржани завршните испити во училиштето, каде најдобри резулати имале децата од дебарската колонија во градот.[54]

Соочен со бројни тешкотии, а најмногу погоден од семејната трагедија (м. заб.: во Серес починала неговата ќерка Оливера), на 4 август Б. Нушиќ бил повлечен од местото вицеконзул во Серес. На 12 август во 1899 година започнал да ја врши должноста претставник на Генералниот конзулат во Солун до доаѓањето на Јован Христиќ на оваа позиција, кон крајот на 1899 година. За негов наследник во конзулатот во Серес бил поставен Сима Ј. Аврамовиќ.[55] Веднаш по пристигнувањето и тој, како и неговиот претходник, имал намера интензивно да работи меѓу Македонците од дебарскиот крај, кои во Серес ја имале една од најголемите колонии. Негова намера била да се отвори и вечерно училиште, надевајќи дека преку ваквата работа српската пропаганда ќе си отворела пат и во пропаганднатото дејствување во местата од каде пристигнувале. Освен тоа, во план било и населување на неколку српски семејства кои ќе биле и темел на идната српска колонија во градот Серес.[56] Кога станувало збор

---

[52] АС, МИД, ПП 1898, ред 647, III/19, П.П. № 3872, Извештај, ПП№ 217, Серес, 20 ноември 1898 година од вицеконзулот Бранислав Нушиќ до министерот за надворешни работи Владан Ѓорѓевиќ.

[53] АС, МИД, ПП 1899, ред 664, III/17, Извештај, ПП№ 38, Серес, 11 мај 1899 година од вицеконзулот Бранислав Нушиќ до министерот за надворешни работи Владан Ѓорѓевиќ.

[54] Ibidem.

[55] Сима Ј. Аврамовиќ должноста вицеконзул ја обавувал од 4 август 1899 до 19 март 1900 година кога бил затворен Конзулатот на Кралството Србија во Серес. Во април 1900 бил поставен за конзул во Приштина. На оваа позиција останал до 1903.

[56] АС, МИД, ПП 1899, ред 664, III/17, П.П.№ 2737, Извештај, ПП№ 60, Серес, 11 август 1899 година од вицеконзулот Сима Ј. Аврамовиќ до министерот за надворешни работи Владан Ѓорѓевиќ.

за идното дејствување на српското училиште во градот Сима Аврамовиќ не бил голем оптимист. На се посилните удари од грчкиот конзулат и митрополијата, како и од нивните приврзаници се барале превземање на соодветни чекори. С. Аврамовиќ известувал дека случувањата не само што не се промениле, туку биле и уште полоши, а имало и гласини дека „училиштето оваа година немало да биде отворено, како и тоа дека конзулатот ќе се затворел“.[57] Според новиот вицеконзул Аврамовиќ решението било во повторно давање бесплатен ручек без кое тешко дека сиромашните родители ќе ги прателе своите деца во училиштето. Нагласувајќи дека „без тоа можеле слободно да не се обидуваат повторно да го отвораат училиштето, бидејќи ќе поминеле со помалку срам, отколку да го отворат уписот за училиштето, а притоа да не се запише ниту еден ученик.“[58] На крајот од писмото адресирано до Министерството за надворешни работи вицеконзулот С. Аврамовиќ напоменувал за сличниот принцип на работа кој се практикувал во училиштата во Солун и Битола, и воедно замолувал што поскоро да му бидат испратени 2400 динари. Две недели подоцна од Министерството за надворешни работи на Кралството Србија со Решение ППБр. 2897 на конзулатот во Серес за училишната 1899-1900 година му биле издадени бараните 2400 динари за издржување на децата во тамошното училиште, со напомена: „да се одобри уште оваа година ваквиот трошок, а покасно ќе било утврдено, дали требало да постои училиште со таква висока цена“.[59]

Во меѓувреме, продолжувало нетрпението од грчкиот конзулат и митрополијата, одбегнувајќи го „српскиот конзулат како да е заразен, а вицеконзулот изложен на немилосрден бојкот“.[60] С. Аврамовиќ на секој начин започнал да работи во намалување на недеворбата од страна на приврзаниците на грчката пропаганда. Одржувал контакти со неколку угледни Грци, но не и со интелигенцијата „која била премногу фанатизирана“, и платените агенти на грчката пропаганда, чии совети ги слушале без никаков приговор. Настојувал да има добри односи и со грчкиот конзул и митрополит, имајќи со нив повремени контакти, користејќи го секој погоден момент да им соопшти: (...) „Дека овде не биле дојдени

---

[57] Ibidem. П.П.№ 2897, Извештај, ПП№ 62, Серес, 17 август 1899 година од вицеконзулот Сима Ј. Аврамовиќ до министерот за надворешни работи Владан Ѓорѓевиќ.

[58] Ibid.

[59] Ibid.

[60] АС, МИД, ПО, 1899, Ф VI, И/11, Пов. бр. 3088, Извештај, ПП№ 32, Серес, 4 октомври 1899 година, од вицеконзулот Сима Ј. Аврамовиќ до министерот за надворешни работи Владан Ѓорѓевиќ.

како непријатели на Грците, но како верни синови на Патријаршијата, и не било од корист и на двете страни да се отуѓуваат, правејќи на сила непријатели од нив, кога и така имаат многу работа со нескротливите шизматици“ (м. заб.: се мисли на приврзаниците на Егзархијата).[61]

Во учебната 1899/1900 година во српското училиште биле запишани 50 ученици. Двајца од учениците биле испратени во гимназијата во Солун, исто толку биле отпуштени, а тројца го напуштиле училиштето. Училиштето имало вкупно 43 ученици, од кои 25 машки и 18 женски. Од нив 31 биле од Серес, 10 од Дебар, и двајца од околните села во Серската каза. Девет од ученичките биле од еврејска вероисповед.[62]

Конкуренцијата од грчката и бугарската пропаганда била и натаму многу силна. Под секојдневните уцени од пропагандите сиромашното македонско население ја барало подобрата алтернатива во бесплатното школување и сместување на своите деца. Отворањето на пансионот во составот на егзархиското основно училиште во маалото Горна Каменица, од каде доаѓале и најмногу од децата кое го посетувале српското училиште, претставувал нов удар за амбициите на вицеконзулот Аврамовиќ. Оттаму, и неговата забелешка испратена до В. Ѓорѓевиќ дека „ќе се случел голем срам за конзулатот, да се има училиште, а да се нема ученици ќе биде голем пораз во очите на овдешните луѓе, и можело да има влијание и врз угледот на други места“. Тој имал замисла да се отворат три пансиони, привлекувајќи на тој начин многу деца од околните села и уште повеќе од градот.[63] Вицеконзулот во извештајот не заборавил исто како и својот предходник Б. Нушиќ да го истакне значењето на вечерното училиште кое го посетувале повозрасни лица со потекло од дебарскиот крај.

Вечерното училиште започнало со работа на 1 ноември 1899 година. Часовите се држеле во среда и петок, а во неделите и празниците предпладне по два часа. Во наставата биле застапени предметите: читање, пишување, српски јазик, српска историја и географија, веронаука и основни познавања од природните науки. Од страна на српскиот конзулат редовно биле поканувани лицата од Дебарскиот крај. С. Аврамовиќ бил на мислење дека нивниот број ќе бил поголем, доколку не постоеле сле-

[61] Ibidem.

[62] АС, МИД, ПП, 1899, Ф III, Извештај, ПП № 107, Серес, 24 ноември 1899 година, од вицеконзулот Сима Ј. Аврамовиќ до министерот за надворешни работи Владан Ѓорѓевиќ.

[63] Ibidem.

дниве препреки: пропагандата која била водена од бугарското агенство и одалеченоста на училиштето од маалото Горна Каменица каде живееле и најголем број од дебраните. Во ова маало приврзаниците на бугарската пропаганда имале и своја црква, која поради црковно-словенската богослужба била посетувана и од дебраните. Токму на ова место, според српскиот вицеконзул, овие лица имале и закани дека „ќе им забранеле да ја посетуваат нивната црква ако не престанат да одат во вечерното училиште". Во настојувањето позитивно да влијае врз учителот кој ја водел наставата во вечерното училиште, како и меѓу учениците да имаат поголем волја во следењето на вечерното училиште, лично српскиот вицеконзул ги посетувал предавањата.[64]

На 18 декември 1899 година од Министерството за надворешни работи на Кралството Србија на ваквите амбициозни настојувања од страна на српскиот претставник во Серес му било испратено писмо со сугестија која се однесувала на програмата за основното училиште, и со напомена програмата да не биде наменета и за вечерното, односно, да се прилагодела според локалните прилики. За дебраните било споменато дека било доволно да научат да читаат и пишуваат српски, да сметаат, да ги познавале српските земји, нејзините јунаци и владетели. Со констатација, доколку се стекнале со пошироки знаења, подоцна, можеле да започнат да ѝ прават пречки и на српската пропаганда во Дебарско, место каде српската пропаганда имал намера да настапува многу внимателно.[65]

Како што одминувало времето во редовите на дипломатските кругови на Кралството Србија се повеќе се согледале реалните можности од натамошното присуство на српската просветната пропаганда во Серес, а уште помалку и во неговата околина. Грчката пропаганда била премногу силна во овој дел од Македонија за да парира, а од друга страна и бугарската пропаганда станувала сè подоминантна ширејќи ја својата училишна мрежа во сите делови од Серскиот санџак. Присуството и понатамошната агитација биле загрозени и од сè почестото навлегување на андартските и врховистичките чети. Кон средината на февруари 1900 година владата на Кралството Србија ја донела конечната одлука за затворање на конзулатот во Серес. Во март истата година, вицеконзулот Сима Ј. Аврамовиќ со архивата од конзулатот се префрлил во Солун. Со

---

[64] АС, МИД, ПП, 1399, ред 664, III/17, П.П. № 4270, Извештај, ПП№ 108, Серес, 24 ноември 1899 година, од вицеконзулот Сима Ј. Аврамовиќ до министерот за надворешни работи Владан Ѓорѓевиќ.

[65] Ibidem.

себе ја имал и архивата на училиштето, надевајќи се дека од Солун ќе продолжи да раководи со неговите активности. Набргу по затворањето на конзулатот со работа престанало и српското училиште во градот Серес. За носењето на ваквата одлука одлучувачки биле и водените дипломатски преговори со Грција, кога српската влада „сакајќи со тоа да ѝ даде докази на грчката влада за обѕирите што ги има спрема нејзините желби и барања, изразила подготвеност да ги продолжи преговорите во врска со спогодбеното држење и работа во Македонија, штом се реши прашањето на скопскиот митрополит Фирмилијан“.[66] Со овој чекор српската влада и формално го раскинала понатамошното дејствување на својата просветна пропаганда во Серскиот санџак. На почетокот од XX век по неуспехот со училиштето во Серес, српската просветна пропаганда во Солунскиот вилает своите амбиции ги насочила кон Струмичката, Гевгелиската, Дојранската, Воденската, Еницевардарската, Кукушката и Солунската епархија, каде ќе ѝ појде од рака да отвори поголем број основни и стручни училишта.

## БИБЛИОГРАФИЈА

### НЕОБЈАВЕНИ АРХИВСКИ МАТЕРИЈАЛИ

Архив на Србија, Белград. Фонд: Министарство иностраних дела (Политичко-просветно одељење [1890-1914]).

### МОНОГРАФИИ

Битоски, Крсте. Грчката просвета во Македонија во османскиот период до 70-те години од XIX век, Зборник: *Школството, просветата и културата во Македонија во времето на Преродбата*, МАНУ, Скопје, 1979.

Катарџиев, Иван. *Серската област (1780-1879). Економски, политички и културен преглед*, Скопје, 1961.

Кънчов, Васил. *Македония. Пътеписи*, София, 2000.

Сидоровска – Чуповска, Силвана. *Просветно-културните прилики во Македонија во XIX век*, Институт за национална историја, Скопје, 2009.

---

[66] Катарџиев, 1961, 99.

Silvana Sidorovska-Čupovska
Institute of National History, Skopje

## THE SERBIAN SCHOOL IN SERRES (1898-1900)

(summary)

Branislav Nušić was the first appointed vice-consul of the Kingdom of Serbia in Serres; he asked of the Turkish authorities to establish a school in November 1897, but received a permit only in August 1898. One month later, Nušić helped the establishment of a Serbian school. The school in Serres, however, had no chance of success; following its start, the Serbian Consul became a target of hatred, especially by the Greek consul and the metropolitan. Nušić's successor in Serres, Sima J. Avramović, assumed duty on 4 August 1899, while Nušić left for Thessaloniki. On 17 February 1900, the government of the Kingdom of Serbia agreed to close the Consulate in Serres; the Serbian school was closed soon thereafter.